Врз основа на објавениот Конкурс за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2016/2017 година во Република Македонија, од страна на Министерството за образование и наука, Училишната комисија при СОУ “Наум Наумовски-Борче” во Пробиштип објавува:

**О Г Л А С**
**за запишување на ученици во прва година во учебната 2016/2017 година**
**-јунски уписен рок/ прво пријавување**

**I. Број на ученици**

Во прва година во СОУ “Наум Наумовски-Борче” во Пробиштип ќе се запишат 272 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за:

1. **Гимназиско образование 102 ученици 3 паралелки**
   - гимназиско образование 102 ученици 3 пар. 4 г.тр. 60 min поени
2. **Машинска струка 68 ученици 2 паралелки**
   - машински техничар/машинско-енергетски техничар 34 уч. 1 пар. 4 г. тр. 45 min поени
   - техничар за компјутерско управување 34 ученици 1 пар. 4 г. тр. 45 min поени
3. **Геолошко-рударска и металуршка струка 68 ученици 2 паралелки**
   - геолошко-рударски техничар 34 ученици 1 пар. 4 г. тр. 45 min поени
   - ракувач со рударски машини 34 ученици 1 пар. 3 г. тр. 30 min поени (реформиран наставен план и програми)
4. **Спортска гимназија 34 ученици, 1 паралелка**
   - спортска гимназија 34 ученици 1 пар. 4 г.тр. 50 min поени

**II. Услови за запишување на учениците**

Условите за запишување на учениците се:
- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за еден од следните видови образование;
  а) гимназиско образование;
  б) стручно образование и обука;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со Конкурсот;

**III. Потребни документи за запишување**

При пријавувањето, учениците треба да ги поднесат следните документи:
- пријава за запишување (пријавата за запишување ученикот ја подигнува од училиштето во кое сака да се запише и истата е бесплатна);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето);

**IV. Конкурсни рокови**

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во два уписни рока, јунски и августовски, со две пријавувања во јунскиот и едно пријавување во августовскиот рок.

Првото пријавување и запишување на учениците во јунскиот уписен рок се врши на 28 и 29 јуни 2016 година, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 30 јуни 2016 година.

Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 01 јули 2016 година, а резултатите ќе се објават на 02 јули 2016 година.

Второто пријавување од јунскиот уписен рок и запишување на учениците ќе се врши на 04 јули 2016 година, а резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 06 јули 2016 година.

Пријавување и запишување на учениците во августовскиот рок се врши на 24 август 2016 година, а резултатите од запишувањето на учениците и слободните места ќе се објават на 25 август 2016 година.

Доколку и по двата уписна рока нема да се потполнат утврдените ученички места со запишување на ученици ќе се продолжи до 31 август 2016 година.

## V. Критериуми за избор

Критериуми за избор на ученици се:

- среден успех на ученикот од од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката).
- дипломи од освоени (I, II и III ) места од меѓународни и републички натпревари од (мајчин јазик , странски јазик и наставни предмети што се од значење за струката односно од изборното подрачје);
- средна вредност од поени добиени за поведение.

Ако во училиштето се пријават поголем број на ученици од планираниот број со еднаков број на поени, ќе се организира квалификационо тестирање од предметите значајни од струката.

**Напомена:**

- приемот на документите ќе се врши согласно роковите утврдени со Конкурсот од $08^{00}$ до $15^{00}$ часот;
- документи по пошта не се праќаат:
- учениците се пријавуваат лично односно т.е. родителот-старателот;
- некомплетни или неисправни документи нема да се примаат;
- одбиените ученици имаат право на приговор до Училишната комисија во рок од 48 часа по објавувањето на ранг листата на огласна табла;
- подигнувањето на документите на одбиените ученици ќе се врши по објавувањето на ранг листата на огласна табла.
- учениците кои ја повторувале годината со завршување на наставната година имаат обврска да се запишат во првиот уписен рок;
- паралелката за спортската гимназија е отворена за запишување на учениците од општините: Пробиштип, Кратово, Крива Паланка, Свети Николе, Штип, Карбинци, Кочани, Чешиново-Облешево, Македонска Каменица, Виница, Пехчево, Берово и Делчево, како и за учениците од сите останати општини во Р Македонија.

**Преглед**

на наставните предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците

| Реден број | Струка | Наставни предмети кои се задолжителни | Наставни предмети кои се од значење за струката, односно изборното подрачје |
|---|---|---|---|
| 1. | Гимназиско образование | Македонски и странски јазик | математика, историја |
| 2. | Машинска | | математика, физика |
| 3. | Геолошко-рударска и металуршка | | математика, физика |
| 4. | Спортска гимназија | | биологија, физичко образование |

19.04. 2016 година
Пробиштип

Претседател на Училишната комисија

______________________________

( Ванчо Арсов)